Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност**
**на класифицирани информации**

Бр. 05 - 557/1

Скопје, 27.05.2021 година

# ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Скопје, мај 2021 година

СОДРЖИНА:

1. Предмет ....3
2. Подрачје на примена ....3
3. Врска со други документи ....3
4. Поими и дефиниции....4
5. Процедура.... 4
   5.1 Општо за процедурата .... 4
   5.2 Годишен план за јавни набавки ....4
   5.3 Барање за отпочнување и спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка....5
   5.4 Одлука за јавна набавка ....5
   5.5 Подготовка на тендерска документација .... 6
   5.6 Објавување на оглас.... 6
   5.7 Отворање на понуди.... .6
   5.8 Изјава за непостоење на судир на интереси .... 7
   5.9 Евалуација на понудите ....7
   5.10 Избор за најповолна понуда и известување на економските оператори.... 8
   5.11 Документирање на постапката за јавни набавки....8
   5.12 Склучување на договор.... 8
   5.13 Известување за склучени договори....8
   5.14 Реализација на договор за јавна набавка.... 8
   5.15 Примена на Законот за јавни набавки.... 8
   5.16 Исклучок од Законот за јавни набавки.... 9
6. Документација.... 9

## 1. ПРЕДМЕТ

Со оваа процедура се утврдува процесот на набавка на стоки, услуги и работи за потребите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст ДБКИ), чии активности се предвидени да се реализираат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Со оваа процедура се опишува начинот и постапката при планирањето и спроведувањето на постапките за јавни набавки, начинот на постапување на комисијата за јавни набавки, одговорното лице, лицето или организациски облик во чии рамки се вршат работи од областа на јавни набавки, склучување, известување и извршување на договорите за јавни набавки, како и движење на документацијата при спроведување на постапките за јавни набавки во ДБКИ.

Целта на оваа процедура е да ги дефинира дејствијата и одговорностите на вработените во ДБКИ вклучени во процесот на јавни набавки со цел да обезбеди правилна примена на Законот за јавни набавки при спроведување на постапките за јавни набавки во ДБКИ, согласно начелата на економичност, ефикасност и ефективност на користење на јавни средства, конкуренција меѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори како и начело на сразмерност.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Процедурата е наменета за вработените во ДБКИ кои се непосредно вклучени во спроведување на поединечни постапки за јавни набавки, буџетскиот процес и нормативно - правни работи.

## 3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

- Закон за јавни набавки и подзаконски акти;
- Закон за јавни набавки од областа на одбраната;
- Закон за општа управна постапка;
- Закон за облигациони односи;
- Закон за финансиска дисциплина;
- Закон за Буџети;
- Закон за извршување на Буџет на Република Северна Македонија за тековната година;
- Закон за архивски материјал;
- Уредба за канцелариско и архивско работење;

- Закон за класифицирани информации;

## 4. ПОИМ И ДЕФИНИЦИИ

Во оваа процедура користени се дефиниции согласно Законот за јавни набавки како следното:

ЕСЈН-Електронски систем за јавни набавки
ПКЈН-Претседател на комисија за јавна набавка
КЈН- Комисија за јавни набавки
ГПЈН-Годишен план за јавни набавки

## 5. ПРОЦЕДУРА

### 5.1 Општо за процедурата

Процесот на набавки се врши исклучиво според Законот за јавни набавки и подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

### 5.2 Годишен план за јавни набавки

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации врз основа на планираните извори за финансирање во буџетот донесува Годишен план за јавни набавки кој го одобрува одговорно лице (директорот), и најдоцна до 31-ви јануари го објавува на ЕСЈН.

ГПЈН се изготвува и објавува во согласнот со Законот за јавни набавки и Правилникот за форма, содржината и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки. ГПЈН ги содржи вкупните потреби за набавки за годината за која се донесува по видови стоки, услуги и работи според Законот за јавни набавки, видот на договорот за јавна набавка, видот на постапката за јавна набавка, очекуван почеток на постапката (месец во кој се очекува да биде објавен огласот за јавна набавка), проценета вредност на договорот (без ДДВ и во денари), а во колоната „Забелешка" се внесуваат специфични елементи за постапката како групна набавка, набавка на посебни услуги и сл.

Раководителите на одделение/сектор поединечно се должни најдоцна до 15-ти декември во тековната годината до Лицето за јавни набавки да достават предлог за набавките што треба да се спроведат за тековно и нормално функционирање на нивната организациона единица за наредната година.

Во предлогот треба да биде точно наведен предметот на набавка, проценетата вредност и месецот кога набавката треба да се спроведе. Предлогот треба да содржи точни и прецизни технички спецификации, карактеристики за предметот на секоја набавка поединечно.

ГПЈН го подготвува Лицето за јавни набавки согласно претходно доставени предлози од страна на сите одделенија од потреба за соодветна набавка на стока, услуга или работи, а во координација со Одделението за финансиски прашања врз основа на планираните извори за финансирање и потреби од набавка на стока, услуга и работи.

Согласно Законот за јавни набавки во текот на годината може да се измени или дополни ГПЈН согласно планираните и обезбедените средства, доколку се јави потреба од спроведување на постапка за јавна набавка која не била предвидена во истиот. Директорот на ДБКИ ги потпишува измените/дополнувањата на ГПЈН. Потоа истиот се заведува во архивата на ДБКИ и се ажурира во системот на ЕСЈН.

Потребите за набавка на стоки, услуги и работи од ГПЈН, се искажуваат во форма на Барање за спроведување на постапка, одобрено од раководителот на одделението кое ја иницира постапката. Барањето се доставува до одговорно лице, директор на ДБКИ.

Барањето за спроведување на постапка мора да содржи информации за предметната набавка и техничка спецификација/предмет, пресметка во однос на видот, количината, проценетата вредност на набавката, планиран почеток на постапка, услови и критериуми кои ќе се користат при спроведување на постапката, членови на комисија за јавна набавка, одговорно лице за следење на договорот и сл.

### 5.3 Барање за отпочнување и спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка

Врз основа на ГПЈН за отпочнување на постапка за јавна набавка потребно е да се изготви барање за отпочнување на постапката за доделување на договор за јавна набавка кое ги содржи следните елементи:

- архивски број и датум на поднесување;
- предмет на набавка согласно ГПЈН;
- износот и изворот на финансиски средства;
- количина на предметот на набавката;
- во прилог на барањето се доставува техничка спецификација за предметната набавка;

Барањето се доставува до Лицето за јавни набавки.

### 5.4 Одлука за јавна набавка

Лицето за јавни набавки подготвува Одлука за јавна набавка пред отпочнувањето на секоја постапка за јавна набавка.

Одлуката за јавна набавка согласно член 77 од Законот за јавни набавки, ги содржи следниве елементи:

- предмет на набавка;
- износ и извор на средства потребни за реализација на договорот;

- начин и постапка за јавна набавка
- состав на комисија за јавна набавка
- образложение во кое се наведуваат причините за потребата од набавката
- причини за деливост/неделивост на постапката
- образложение во кое се наведуваат причините за користење на соодветната постапка (постапка со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации) како и причините за итност, поради кои се намалуваат роковите пропишани со Законот за јавни набавки.

Одлуката за јавна набавка се доставува до членовите на комисијата и нивните заменици, како и до Одделението за финанасиски прашања.

Одлуката за јавна набавка може да се измени и/или дополни поради: дообезбедување на средства, промена на проценета вредност, промена на член во комисијата за јавни набавки, промена на предметот на набавка и друго.

Одлуката за јавна набавка и нејзините измени и/или дополнувања ја потпишува директорот на ДБКИ.

Лицето за јавни набавки ја објавува Одлуката за јавна набавка на ЕСЈН.

### 5.5 Подготовка на тендерска документација

Лицето за јавни набавки заедно со членовите на КЈН учествуваат во подготовката на тендерската документација. Тендерската документација се објавува со огласот за јавни набавки, во формат кој можат електронски да го користат економските оператори.

Тендерската документација може да се измени или дополни по потреба или врз основа на поднесените прашања и барања од економските оператори. Во прилог во тендерската документација може да биде содржан и модел на Договор.

Одговорите, измените и дополнувањата на тендерската документација, без надоместок и во најкус можен рок се објавуваат на ЕСЈН, во рокови утврдени со Законот за јавни набавки. Формата и содржината на тендерската документација, треба да биде во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

Тендерската документација задолжително содржи технички спецификации на предметот на набавката и информации за начинот на подготовка и рокот на поднесување на понудите. Техничката спецификација ја изготвува одделението од каде што потекнува потребата за предметната постапка.

### 5.6 Објавување на оглас

Врз основа на Одлука за јавна набавка, се објавува Оглас за јавна набавка на ЕСЈН, согласно со Правилникот за начинот на користење на ЕСЈН. Со објава на огласот започнува постапката за доделување на договор за јавна набавка.

### 5.7 Отворање на понуди

Отварањето на понуди започнува во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, освен кај набавката за консултантски услуги.

Отварањето на понудите се прави од страна на КЈН и за истото се изготвува записник кој го потпишува претседателот на Комисијата или неговиот заменик. Така потпишаниот записник потоа се прикачува на ЕСЈН.

### 5.8 Изјава за непостоење на судир на интереси

Претседателот, членовите, нивните заменици, како и одговорното лице потпишуваат Изјава за непостоење на судир на интереси и истата претставува дел од досието од спроведената постапка.

### 5.9 Евалуација на понудите

Пред да пристапи кон евалуација на понудите КЈН задолжително проверува дали е објавена негативна референца на понудувачите до истек на крајниот рок за поднесување на понудите што соодветно го документира како дел од досието на постапката.

КЈН ја проверува валидноста и комплетноста на документацијата за утврдување на способност, само на понудувачите за кои не е објавена негативна референца согласно законски утврдените рокови.

КЈН може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

КЈН не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

КЈН го определува рокот до кога понудувачот е потребно да го достави бараното објаснување преку ЕСЈН.

КЈН не смее да побара никакви промени во финансиската или техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.

Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

КЈН подготвува Извештај од спроведена постапка во кој се содржани оценувањето на способноста на понудувачите, рангирањето на понудувачите и предлог за избор на најповолен понудувач или предлог за поништување на постапката.

Одлуката за јавна набавка може да се измени доколку најповолната понуда е со цена повисока од износот на средствата утврден во истата, под услов по извршената анализа да се утврди дека истото е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката. При тоа, треба да се дообезбедат средства потребни за реализација на договорот.

### 5.10 Избор на најповолна понуда и известување на економските оператори

Врз основа на Извештајот од спроведена постапка и предлогот на КЈН, Лицето за јавни набавки подготвува Одлука за избор на најповолен понудувач/поништување на постапка, која ја потпишува одговорното лице (директорот на ДБКИ).

Сите понудувачи (економски оператори) се известуваат за Одлуката за извршениот избор на најповолна понуда, склучување на рамковна спогодба или поништување на постапката за јавна набавка. Известувањето за секој понудувач одделно се потпишува со дигитален потпис од страна на претседателот на Комисијата или негов заменик и се доставува преку ЕСЈН во рок од 3 (три) дена од денот на донесувањето на соодветната одлука.

### 5.11 Документирање на постапката за јавни набавки

Лицето за јавни набавки ги презема сите неопходни мерки за документирање на спроведувањето на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка. За таа цел се води досие на постапка и истото се чува во архивата на ДБКИ, додека преку ЕСЈН се води досие за секој електронски потпис.

### 5.12 Склучување на договор

По истекот на рокот за жалба, се изготвува Договорот за јавна набавка и го доставува до Одговорното лице – директорот на ДБКИ за потпишување и истиот се заведува во архивата на ДБКИ.

Договорот се изготвува во 4 (четири) примероци, од кои два се за економскиот оператор и два за договорниот орган, од кои еден примерок се чува во одделението за финансиски прашања, а другиот во Архивата.

### 5.13 Известување за склучени договори

ДБКИ задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од 10 (десет) дена.

ДБКИ задолжително објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност и примерок од измената.

### 5.14 Реализација на Договорот за јавна набавка

Одделението за финансиски прашања ја следи реализацијата на договорот и врши контрола на фактурирањето и извршените исплати.

### 5.15 Примена на Законот за јавни набавки

Лицата кои ја применуваат оваа процедура се должни да обезбедат доследна примена на одредбите од Законот за јавни набавки во секоја фаза од процесот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавна набавка.

### 5.16 Исклучок од Закон за јавни набавки

Законот за јавни набавки не се применува доколку вкупната вредност на набавките под вредносните прагови пропишани со Законот не надминува 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година и овие набавки не се планираат во ГПЈН за тековната година.

Набавките кои не надминуваат 12.000 евра во денарска противвредност за тековната година назначеното лице од одделението за финансиски прашања ги објавува во кварталните евиденции кои се јавно достапни на ЕСЈН.

## 6. ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Прилог 1: Годишен план за јавни набавки
- Прилог 2: Барање за набавка
- Прилог 3: Одлука за спроведување на јавна набавка
- Прилог 4: Записник од јавно отварање на понудите
- Прилог 5: Изјава за непостоење на судир на интереси
- Прилог 6: Извештај од спроведена постапка
- Прилог 7: Одлука за избор на најповолна понуда
- Прилог 8: Модел на договор

Изработил: М.С.М ____________
Контролирал: Ц.Т.С ____________

ДИРЕКТОР
Стојан Славески
____________

Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. ____________________
__________________. 2021 година

Прилог 1

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) а во согласност со член 75 став 1 и 4 од Закон за јавни набавки („Службен весник на РСМ" бр.24/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесува

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2021 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| I. | Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | | | | |
| | | | | | | | |
| II. | Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | | | | |
| | | | | | | | |
| III. | Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи | | | | | | |
| | | | | | | | |

ДИРЕКТОР
Стојан Славески

Република Северна Македонија
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. ____________________

________________ 2021 година,
Скопје

Прилог 2

**Предмет: Барање за набавка од одделение/сектор__________________**

За потребите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, односно за одделение/сектор________________________________________, потребно е да се набават следните стоки/услуги/работи:

1. Предмет на јавна набавка е набавка на следните стоки/услуги/работи:

______________________________________________________________________________.

2. Износот и изворот на финансиски средства:

______________________________________________________________________________.

3. Количина на предметот на набавката:

______________________________________________________________________________.

4. Техничка спецификација:

______________________________________________________________________________.

**Подносител на барањето,**

________________________

**Барањето го одобрува,**

________________________

**ДИРЕКТОР**
**Стојан Славески**

________________________

Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност**
**на класифицирани информации**

Бр. ___________

Скопје, _______________ година

Прилог 3

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19,110/19), член 77 и членот _________ од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ " бр. 24/19), а согласно Годишниот план за јавни набавки на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за јавна набавка на стоки/услуги/работи**

1. За потребите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации да се спроведе постапка за јавна набавка на ________________,(стоки/услуги/работи), согласно спецификацијата дадена во прилог на оваа одлука. Предметот на набавката не не/е делив на делови.

2. За реализација на постапката за доделување на договорот за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:

- ________________________, – претседател
- ________________________, – член
- ________________________, – член

За заменици на членовите на Комисијата се определуваат лицата:

- ________________________, - заменик претседател
- ________________________,– заменик член
- ________________________, – заменик член

3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки, согласно член 79 од Законот за јавни набавки, да обезбеди законско спроведување на постапката за јавна набавка на ________________________(стоки/услуги/работи).

4. За оваа набавка се предвидени средства во износ од ______________денари без вклучен ДДВ и истата ќе се спроведе согласно член ___________ од Законот за јавни набавки во постапката за јавна набавка __________________, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.

5. Потребните финансиски средства за реализација на оваа набавка ќе се обезбедат од Буџетската сметка 050024126263717 Програма __________________, расходна поставка ________________.

6. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка ќе биде економски најповолна понуда утврдена врз основа на ________________________________.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување.


Дирекција за безбедност на класифицирани информации
„Васко Карангелески" бр. 8, Скопје (Касарна „Гоце Делчев") Република Северна Македонија
Т: +389 2 3299 820, Ф: +389 2 3299 829
www.dbki.gov.mk, www.nsa.gov.mk
direkicja@dbki.gov.mk

Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност**
**на класифицирани информации**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДИРЕКТОР
Стојан Славески

_______________________

Изработил:
Контролирал:
Согласен:

**Прилог:** Спецификација за јавна набавка на ______________________

**Доставено до :**

- Архива на ДБКИ ;
- Членови и заменици на членови на Комисија за јавни набавки ;
- Одделение за финансиски прашања.


Дирекција за безбедност на класифицирани информации
„Васко Карангелески“ бр. 8, Скопје (Касарна „Гоце Делчев“) Република Северна Македонија
Т: +389 2 3299 820, Ф: +389 2 3299 829
www.dbki.gov.mk, www.nsa.gov.mk
direkicja@dbki.gov.mk

Прилог 4

## Образец на записник од отворањето на понудите

1. **Договорен орган (назив и адреса): Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6 ти спрат**
2. **Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): ___________**
3. **Предмет на јавна набавка: ___________________________________**
4. **Проценета вредноста на набавката: ____________**
5. **Датум, време и место на отворањето на понудите___________ ______, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, адреса ул.Македонија бр.25, палата Лазар Поп Трајков, 6ти кат**
6. **Членови на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија ____________
Член на комисија ____________
Член на комисија ____________

7. **Овластените претставници на понудувачите се наведени во евидентниот лист во прилог**
8. **Вкупен број на примени понуди[1] : __**
9. **Поднесени понуди[2] :**

| Реден број | Понудувач | Групна понуда | Гаранција на понудата и износ на гаранција/Изјава за сериозност |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

**10. Забелешки на овластените претставници на понудувачите:**
______________________________________________________________
______________________________________________________________.

**11. Други податоци што се читаат согласно со тендерската документација:**

**Записникот е изработен на ____________ година.**

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија ____________
Член на комисија ____________
Член на комисија ____________

---

[1] Во случај постапката да не се спроведува преку ЕСЈН, по исклучок во Законот за јавни набавки, се неведува број на задоцнети/изменети/повлечени понуди

[2] Приказ на понудените цени е даден во табела во прилог

# Табела со понудени цени

## Предмет на набавката/Дел од предметот на набавката [3] :

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | |
| Валута на понудата | |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | |

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | |
| Валута на понудата | |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | |

| Опис | |
|---|---|
| Назив на понудувачот | |
| Валута на понудата | |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | |

[3] Табелата се повторува онолку пати колку што има делови за кои има поднесено понуди

## Евидентен лист на овластени претставници на понудувачите

1. **Договорен орган (назив и адреса): Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6 ти спрат**
2. **Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): ___________**
3. **Предмет на јавна набавка: ___________________________________________________**
4. **Проценета вредноста на набавката: ____________**
5. **Датум, време и место на отворањето на понудите: ________ ____, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, адреса ул.Македонија бр.25, палата Лазар Поп Трајков, 6ти кат**
6. **Членови на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија ____________
Член на комисија ____________
Член на комисија ____________

| Бр. | Име и презиме на овластениот претставник | Назив на понудувачот | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| ... | | | |

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија ____________
Член на комисија ____________
Член на комисија ____________

Прилог 5

ОБРАЗЕЦ ИНСИ

Согласно член 38 став 1 , 2 и 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ " бр. 24/19) ја давам следната

**ИЗЈАВА**
**за непостоење судир на интереси**

Јас, ________________, во својство на ________________, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, ИЗЈАВУВАМ дека, во врска со постапката за јавна набавка на ________________ (стока/услуга/работи) ________________(назив на набавката), објавена со оглас Број. ________________од ________________ година врз основа на Одлука за отпочнување на постапката Број. ________________ од ________________година, не сум во состојба на судир на интереси и немам приватен интерес при реализација на истата или било каква друга материјална и нематеријална корист за мене или за мои блиски лица[1], како резултат на моето учество во постапката.

Скопје, _______.2021 година

Изјавил

____________________

---

[1] Блиски лица согласно Законот за спречување судир на интереси член 3 став 1 алинеја 5

**Прилог 6**

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА1

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6 ти спрат

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** ___________

**3. Предмет на јавна набавка:** ______________________________________

**4. Проценета вредноста на набавката:** _____________

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** _____________

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:** __

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**

_____________________ - Претседател (или заменик)

_____________________ - Член (или заменик)

_____________________ - Член (или заменик)

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**

**10. Услови за учество/ недостатоци поради кои понудите ќе се отфрлат2**

По разгледување на понудите кои се предмет на евалуација комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи содржат недостатоци поради кои нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за причините |
|---|---|---|
| | | |

**11. Услови за утврдување на способност**

**11.1 Во согласност со член 88 од Законот за јавни набавки, Комисијата изврши проверка на причините за исклучување од постапката3**

**Листа на понудувачи кои ќе бидат исклучени од постапката поради тоа што им е објавена негативна референца до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите:**

| Ред.бр | Понудувач |
|---|---|
| | |

**11.2 Проверка на доставените документи за утврдување на способност**

**11.2.1. Понудувач:4**

**11.2.1.1. Назив на понудувачот**

| Групна понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ) (листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ) (листа на субјекти) |
|---|---|---|
| | | |

| Услови за квалитативен избор/документи6 | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| **Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор** | |
| Документ за регистрирана дејност | |
| останати документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност | |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)7**

| |
|---|
| |

11.2.1.2. Назив на понудувачот

| Групна понуда (ДА/НЕ)<br>(листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ)<br>(листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ)<br>(листа на субјекти) |
|---|---|---|
| | | |

| Услови за квалитативен избор/документи6 | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| **Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор** | |
| Документ за регистрирана дејност | |
| останати документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност | |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)7**

| |
|---|
| |

11.2.1.3. Назив на понудувачот

| Групна понуда (ДА/НЕ)<br>(листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ)<br>(листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ)<br>(листа на субјекти) |
|---|---|---|
| Услови за квалитативен избор/документи6 | | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
| **Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор** | | |
| Документ за регистрирана дејност | | |
| останати документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност | | |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)7**

| |
|---|
| |

12. Врз основа на извршената проверка на приложените документи за способност на понудувачите/кандидатите и дополнително побараните објаснувања, комисијата заклучи дека следните понудувачи/кандидати не ги доставиле потребните документи/по барањето од комисијата не ги појасниле/дополниле документите/не ги исполниле условите за утврдување на способност наведени во тендерската документација и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите/до нив нема да биде доставена писмена покана за поднесување на првична понуда/понуда во следната фаза од постапката:

| Ред.бр | Понудувач/Кандидат | Образложение за неутврдување на способноста на понудувачот/кандидатот |
|---|---|---|
| | | |

**13. Комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи се предмет на понатамошна евалуација/Комисијата ја изготви следнава листа на кандидати до кои договорниот орган ќе достави покана за поднесување на понуди во следната фаза:**

| Ред.бр | Понудувач/Кандидат | Дел/делови од предметот на набавката на кој се однесува понудата/пријавата за учество |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |

**14. Критериум за избор на најповолна понуда 8**

**14.1 Начин на распределба на бодовите (образложение)**

| |
|---|
| |

**15. Разгледување на техничките понуди на понудувачите**

15.1. Комисијата ги разгледа техничките понуди на понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации.

**15.2 Понудувач: 9**

**Назив на понудувачот**

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| 1 | | |

**Назив на понудувачот**

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| 1 | | |

**Назив на понудувачот**

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| 1 | | |

15.3 Врз основа на проверка на приложените технички понуди, комисијата заклучи дека понудите на следниве понудувачи не се во согласност со дефинираните технички карактеристики на предметот на јавна набавка, барањата и условите од техничките спецификации, како и во однос на условите за извршување или функционални карактеристики на предметот на јавна набавка наведени во тендерската документација, и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за неприфатливоста на техничката понуда или дел од предметот на јавна набавка |
|---|---|---|
| | | |

**16.Разгледување на финансиските понуди на понудувачите**

16.1 Комисијата ги разгледа следниве финансиски понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација:

**16.2. Дел од предметот на јавна набавка 10**

| Понудувач | Понудена цена | Цена по извршени исправки на аритметички грешки | Цена со даден попуст | Други финансиски услови |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**16.3** Врз основа на проверка на приложените финансиски понуди во поглед на цената, соодветните финансиски и други услови од понудата, комисијата утврди дека следниве понуди се неприфатливи:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за неприфатливоста на финансиската понуда или дел од предметот на јавна набавка |
|---|---|---|
| | | |

17. По целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите, комисијата предлага следниве понудувачи да се поканат да учествуваат во електронската аукција (доколку како крајна фаза се спроведува електронска аукција)

**17.1 Дел од предметот на јавна набавка 11**

| Понудувач | Почетна цена | Почетен ранг |
|---|---|---|
| | | 1 |
| | | 2 |
| | | 3 |

**18. Конечно бодување и рангирање на понудите**

**18.1 Дел од предметот на јавна набавка 12**

| Понудувач | Цена | Ранг |
|---|---|---|
| | | 1 |
| | | 2 |
| | | 3 |

**19. Предлог за избор на најповолна понуда**

19.1 Комисијата согласно член 49, став (4) побара доставување на документите за утврдување способност: 13

| Ред. бр. | Понудувач | Документи за докажување на способност<br>Валидни (ДА/НЕ)<br>Објаснување за невалидноста на доставени документи |
|---|---|---|
| | | |

19.2 Врз основа на извршеното конечно бодување и рангирање на понудите, комисијата го доставува следниов предлог за избор на најповолна понуда

| Ред. бр. | Дел/делови | Понудувач | Законски основ и причини за поништување на постапката |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |

**20. Комисијата согласно член 101, став (9) дава предлог за издавање на негативна референца на понудувачот/ите:**

**21. Комисија за јавни набавки**

| | СОСТАВ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Претседател (или заменик) | | |
| 2 | Член (или заменик) | | |
| 3 | Член (или заменик) | | |

[1] Во постапките кои се спроведуваат во повеќе фази овој образец (од точка 1 до точка 14) се однесува и на Извештај за оценување на способноста на кандидатите

[2] Како недостатоци се сметаат: непотпишана понуда, недоставени и или невалидни: банкарска гаранција, изјава за сериозност и договор за поднесување на групна понуда

[3] Листата на понудувачи со негативна референца е автоматски генерирана од Електронскиот Систем за јавни набавки. Проверката на негативна референца за подизведувач или субјект кој дава поддршка се врши мануелно на ЕСЈН од страна на комисијата за ЈН

[4] Соодветните табели се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии понуди се разгледуваат

[5] Се пополнува во случај на докажување на способноста со изјава кај поедноставена отворена постапка

[6] Се пополнуваат условите документите кои се наведени во тендерската документација. Полињата се пополнуваат автоматски за оние позиции кои се селектирани на ЕСЈН при објавата на огласот

[7] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[8] Доколку се избрани критериумите под 2 и 3 договорниот орган задолжително ги наведува елементите со максималните бодови и го објаснува начинот на кој ќе бидат распределени бодовите

[9] Точка 15.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии технички понуди се разгледуваат.

[10] Точка 16.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови со понудувачи чии финансиски понуди се разгледуваат.

[11] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[12] Точка 18.1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови од предметот на јавна набавка кои се евалуирани.

[13] Се пополнува во случај на поедноставена отворена постапка

**ПРИЛОГ А – ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА/ БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

**1. Проверка на доставени Изјави за сериозност на понудата**

| **Ред.бр** | **Понудувач** | **Доставена и валидна изјава (ДА/НЕ) Објаснување за невалидноста** |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |

**2. Проверка на доставени Банкарски гаранции**

| **Проверка на исполнетоста на условот за доставување банкарска гаранција на понудата** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач | Барана вредност на банкарската гаранција во тендерската документација | | Доставена банкарска гаранција | Банка која ја издава банкарската гаранција | Вредност на доставената банкарска гаранција | Дали вредноста на доставената банкарска гаранција е во рамки на бараното |
| | | Процент | Износ | | | Износ | |
| | | | | | | | |

**ПРИЛОГ Б – ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА АУКЦИЈА[1]**

[1] Овој извештај автоматски го генерира ЕСЈН

**ПРИЛОГ В - ДОПОЛНИТЕЛНО ПОБАРАНИ ПОДАТОЦИ, ОБЈАСНУВАЊА, ДОКУМЕНТИ И ДОКАЗИ**

1. Дел од текот на постапката (фаза од постапката) за јавна набавка во кој договорниот орган бара од понудувачот/кандидатот да достави дополнително објаснување, документи и докази и по кој основ од Законот за јавни набавки:

**2. Барани објаснувања за невообичаено ниска цена (ДА/НЕ):**

| **Побарани дополнителни податоци, објаснувања, документи и докази** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач/кандидат | Опис на побараните дополнителни податоци, објаснувања, документи, докази за оправдување на цената | Доставено во предвидениот рок | Образложение за прифатливоста/ причини за неприфатливоста на објаснувањето и доказите |
| | | | | |

**ПРИЛОГ Е- КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ**

1. Користење на способност од други субјекти

| Ред.бр | Понудувач | Дали користи способност од други субјекти (ДА/НЕ) | Способноста на други субјекти се користи во делот на: | Дали постојат причини за исклучување на субјектот/ите чија способност се користи (ДА/НЕ) | Дали субјектот/ ите чија способност се користи ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - економска и финансиска состојба<br>- техничка и професионална способност | | |

2. Користење на подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка

| Ред.бр | Понудувач | Дали понудувачот користи подизведувач (ДА/НЕ) | Дел од договорот за јавна набавка кој ќе биде доделен на подизведувач | Дали постојат причини за исклучување на подизведувачот/ите (ДА/НЕ) | Дали подизведувачот/ите ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**ПРИЛОГ Ж- ПОНУДЕНИ АЛТЕРНАТИВНИ ПОНУДИ**

**I. Понудувач**[1]

| Дел | Опис на алтернативната понуда, односно алтернативното понудено техничко решение |
|---|---|
| | |

[1] Точка I и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи кои поднеле алтернативни понуди.

**ПРИЛОГ 3**

**Извештај на надворешните стручни лица ангажирани во работата на комисијата во врска со техничките, финансиските и другите работи при евалуација на понудите**

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6 ти спрат

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** ____________

**3. Предмет на јавна набавка:** ____________________________________

**4. Проценета вредноста на набавката:** __________

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** ____________

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:**

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:** Не

__________________ - Претседател (или заменик)

__________________ - Член (или заменик)

__________________ - Член (или заменик)

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**

**Потпис на надворешниот член на комисијата**

**ПРИЛОГ Ѕ**

**Забелешки од членовите на комисијата кои не се согласуваат со предлогот за избор на најповолна понуда**

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6 ти спрат

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** ____________

**3. Предмет на јавна набавка:** ______________________________

**4. Проценета вредноста на набавката:** ________

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** ________

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:**

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**

____________ - Претседател (или заменик)

____________ - Член (или заменик)

____________ - Член (или заменик)

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**

| **Забелешки на членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда[1]** | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Место во комисијата | Датум на доставување и потпис |
| | | |
| **Дадени забелешки** | | |
| | | |

**Потписи на членовите на комисијата**

____________

____________

____________

[1] Табелата се повторува онолку пати колку што има членови на комисијата кои имаат забелешки на предлогот за избор на најповолна понуда.

Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност на класифицирани информации**

Бр. ____________

Скопје, __________ година

Прилог 7

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ја донесе следната

## ОДЛУКА
### за избор на најповолна понуда

1. За најповолна понуда во постапката за доделување на договорот за јавна набавка на ________________ се избира понудата на:________________________________,
2. Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка да се уредат со посебен договор. Договорот да се склучи во рок _____() дена од денот на конечноста на одлуката за избор на најповолен понудувач .
3. Се задолжуваат членовите на Комисијата за јавни набавки за спроведување на оваа одлука
4. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки, директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе одлука Бр.__________ од __________година за потреба од јавна набавка и спроведување на постапка за избор на најповолна понуда за склучување на договор за јавна набавка на ________________. Средства за реализација на предметната јавна набавка набавувачот ги обезбеди од Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно член __________од Законот за јавни набавки беше спроведена постапка за набавка од __________во електронска форма со објавување на оглас на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, со јавно отворање на понудите и со крајна фаза електронска аукција.


Дирекција за безбедност на класифицирани информации
„Васко Карангелески" бр. 8, Скопје (Касарна „Гоце Делчев") Република Северна Македонија
Т: +389 2 3299 820, Ф: +389 2 3299 829 www.dbki.gov.mk, www.nsa.gov.mk direkicja@dbki.gov.mk

Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност**
**на класифицирани информации**

Во законски рок до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, по електронски пат преку ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, пристигнаа ___________од страна на економските оператори, ______________________;

Комисијата за јавни набавки ги разгледа пристигнатите понуди и по целосна евалуација констатира дека понудите на економските оператори ___________________________ги задоволуваат / не ги задоволуваат критериумите наведени во техничката спецификација дадена во тендерската документација.

Врз основа на наведеното Комисијата за јавни набавки само на понудувачите чии понуди ги оцени за комплетни и прифатливи им достави покана за електронска аукција.

Електронската аукција се одржа во закажаниот термин на ден ___________година од ___________часот до ___________часот.

Во тек на аукцијата од страна на ___________, беше постигната најниска цена во износ од ___________ () денари без вклучен ДДВ.

Наведените износи беа/не беа во рамките на планираните средства согласно Одлуката за јавна набавка со број ___________од ___________година.

Комисијата за јавни набавки врз основа на наведеното му предложи на Директорот да донесе одлука како во диспозитивот.

Директорот на Дирекцијата врз основа на укажувањето на исполнетоста на условите, оцени дека за најповолна понуда за погоре наведената јавна набавка треба да биде прифатена понудата на ______________________, со седиште на ул. ___________________________, па донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од ___________дена од денот на доставувањето на оваа одлука, со поднесување на жалбата до Државната комисија за жалби и до договорниот орган, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**ДИРЕКТОР**
Стојан Славески

Доставено до: - Архива на ДБКИ
- Понудувачите (преку ЕСЈН)


Дирекција за безбедност на класифицирани информации
„Васко Карангелески“ бр. 8, Скопје (Касарна „Гоце Делчев“) Република Северна Македонија
Т: +389 2 3299 820, Ф: +389 2 3299 829
www.dbki.gov.mk, www.nsa.gov.mk
direkicja@dbki.gov.mk

Прилог 8

# Д О Г О В О Р

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФРОАМЦИИ,** со седиште на ул. „Васко Карангелески" број. 8 (Касарна „Гоце Делчев"), 1000 Скопје (во понатамошниот текст **„Договорен орган"**), застапувано од директорот Стојан Славески од една страна и

2. ______________________, со седиште на ______________________ (во понатамошниот текст **„Носител на набавката"**), претставувано од ____________, од друга страна,

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се утврдуваат правата и обврските на Договорните страни по спроведена ________________________ од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" број 24/19), во согласност со техничка спецификација дадена во тендерската документација објавена со оглас број _________/2021 од _________година и Одлука за отпочнување на спроведување на постапката со број _________од _________година за набавка на _________, за потребите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации согласно следната спецификација:

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Цената на набавката на предметот на Договорот од член 1 на овој Договор изнесува _________ () денари без вклучен ДДВ. Вкупниот износ на ДДВ изнесува _________ () денари. Вкупна цена на набавката со пресметан ДДВ изнесува _________ () денари.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

## ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

## РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етничко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член**

За се што е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс кон договорот.

Дополнувањето и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член**

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член**

Ако нешто не е изречно одредено со овој договор, за двете договорни страни важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Во случај на спор, кој не може да се реши со договарање помеѓу страните, ќе решава надлежен суд во Скопје.

**Член**

Овој договор е изработен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавката („економски оператор").

| | |
|---|---|
| ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ | Економски опрератор (носител на набавката) |
| Директор | |
| Стојан Славески | Управител |
| | ______________ |